## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010), а согласно со член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 04/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата**

1. Во Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2011) во точката 2, по ставот 3 се додава нов став 4, којшто гласи:

„При аукција со примена на тендер со каматни стапки, кога Народната банка го утврдува износот на аукцијата и максималната каматна стапка, а банките аукцираат и со износи и со каматни стапки, референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата е еднаква на максималната каматна стапка на аукцијата утврдена од Народната банка.“

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О бр.02-15/IV-3/2012**
**06.04.2012 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на Република Македонија**
**Димитар Богов**